## Одбојкарска федерација на Македонија

# *ПРОТОКОЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ*

кој се применува пред, за време и по завршување на натпреварот

Октомври 2024

1. Протокол за натпреварување без национални химни

A. Пред почетокот на натпреварот

| Протокол без химни | Опис | Задачи на судиите | Тимски задачи |
|---|---|---|---|
| 30 минути пред првиот сервис | | Судискиот колегиум пристигнува на записничка маса, се јавува кај делегатот и проверува:<br>- Топки за игра<br>- Записник<br>- Семафор<br>- Целата опрема предвидена со Пропозициите за игра, која што е неопходна за одигрување на натпреварот. | Екипите не влегуваат во просторот за игра пред да стартува официјалниот протокол. |
| 25 минути пред првиот сервис | | Судиите проверуваат:<br>- Висина и затегнатост на мрежата<br>- Позиција на антените и страничните линии на мрежата | |
| 16 минути пред првиот сервис | Се прави официјално фотографирање на екипите. | | Се повикуваат екипите,една по една, во официјална униформа-дрес, да влезат во полето за игра, пред одбојкарската мрежа и ги следат инструкциите на официјалниот фотограф. |
| 15 минути пред првиот сервис | Официјална ждрепка | - Двајцата судии се пред записничка маса со поглед кон Записничарот.<br>- 1 судија со свирче ги повикува капитените на екипите и врши ждребување. | Двата капитени се наоѓаат пред записничка маса.<br><br>По ждребување: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - После ждрепката – 1 судија го известува записнчарот за резултатот од ждрепката. | - Капитенот на екипата го потпишува Записникот<br>- Екипите одат кон својата клупа.<br><br>Тренерот го потпишува Записникот и го идентификува активното либеро, доколку во Записникот екипата пријавила две либера за натпреварот. |
| 14 минути пред првиот сервис | Започнува официјално загревање на мрежа.<br>Се предаваат ливчињата со постава за 1сет (најдоцна 12 минути пред изведување на првиот сервис). | - 1судија свири почеток за загревање на мрежа.<br>- 2судија треба да се осигура дека тренерот или помошник тренерот, ќе предаде две (оригинално и копија) ливчиња за постава за 1 сет.<br>- Потоа копијата од ливчето ја предава на Делегатот, а оригиналното ливче со поставата го предава на Записничарот.<br>- Делегатот на натпреварот е единствениот којшто има право да го даде ливчето за постава на ТВ екипата којашто врши пренос на натпреварот. | Тренерот или помошник тренерот ги предава ливчињата за постава за 1 сет, во два примероци, (оригинал и копија). |
| 4 минути пред првиот сервис | Крај на официјалното загревање. | - 1 судија свири крај на официјалното загревање.<br><br>Судиите одат кај Делегатот и бараат одобрување за почеток на | По свирката на 1судија, екипите мораат да престанат со загревањето и се упатуваат кон |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | натпреварот. | сопствените клупи.<br><br>Ако играч има потреба да замени дрес, мора да го напушти просторот за игра, се пресоблече и врати без одолговлекување.<br>Сите членови на екипата треба да бидат во своите официјални дресови и да седат на својата клупа. |
| 3,30 минути пред првиот сервис | Екипите влегуваат на теренот. | Позиција на судиите:<br><br>- Двајцата судии се во близина на страничните линии блиску до столбот од страната на записникот каде што 1 судија е од страна на екипата А а 2 судија на страната на екипата Б. | Екипите се наредени на линијата за сервис (прв капитенот, којшто се наоѓа на страната на клупата за загревање, втор –либерото, останатите играчи и последен е второто либеро). |
| 2,30 минути пред првиот сервис | Првиот звучен сигнал | | Екипите се движат кон мрежата и со ракување се поздравуваат во знак на фер плеј натпревар, а потоа се повлекуваат кон своите клупи.<br><br>Официјалните претставници на екипите, исто така, со ракување се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | поздравуваат меѓусебно. |
| 2,00 минути пред првиот сервис | Најавување на судиите<br><br>(доколку има официјален спикер) | Најава на судиите<br><br>Двајцата судии одат кон средина на теренот за игра, во близина на мрежата, со лицето свртени кон записничката маса.<br><br>По најавата од страна на спикерот, двајцата судии се ракуваат, 1судија се упатува кон судиското столче, 2 судија се упатува на своето место, кон записничката маса, блиску до столбот. | |
| 1,30 минути пред првиот сервис | Се најавува првата шесторка, либерото и тренерот на екипата. | | Спикерот на натпреварот ги најавува првите 6 играчи, редоследно според бројот на дресот, либерото и тренерот. Најавените играчи се поздравуваат и истрчуваат на средина на полето за игра.<br>Без спикер –<br>Почетната постава се реди на основна линија. |
| 0,30 минути пред првиот сервис. | | 2 судија:<br>-дистрибуира 5(3) топки на додавачите 1,2,3 и 4,<br>-ја проверува позицијата на играчите и ја споредува со таа од ливчето за | Двете екипи се на теренот и подготвени да почнат со игра. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | постава,<br>-му дава дозвола на почетното Либеро да влезе на терен,<br>-го прашува записничарот дали завршил со проверки на поставата и е подготвен да почне,<br>-ја дава топката на играчот којшто треба да сервира. | |
| 0,00минути пред првиот сервис | Прв сервис | 1 судија свирнува на точно определеното време и со тоа го авторизира првиот сервис. | |

## ЗА ВРЕМЕ НА НАТПРЕВАРОТ

**Екипи**

- По завршувањето на секој сет – играчите во игра застануваат на основната линија на својата страна од теренот за игра.
- По знак на 1судија, екипите ги менуваат страните и одат директно кон својата клупата за резервни играчи.

**Записничар**

- Веднаш по означувањето  за крај на сетот од страна на 1судија – записничарот и 2 судија го мерат времето помеѓу сетовите.

**Судии на 2.30 минути пред изведување на сервис:**

- На 2.30 минути, 2 судија со свирка дава знак за влез на пријавената почетна постава во полето за игра.
- 2 судија го проверува листот со почетна постава.
- 2 судија ја проверува поставата на играчите во поле со онаа запишана во ливчето за постава.
- Додавачот на топки, од страната на екипата што сервивра, подава топка на играчот што сервира. (Ако е одлучувачки сет – топката ја додава вториот судија).

**Екипи на 2.30 минути пред сервис**

- ❖ По свирка на 2судија, шестмината играчи заведени во ливчето за постава и во Записник, одат во теренот за игра.

**На 3.00 мин – првиот судија го авторизира првиот сервис во сетот.**

**ЗА ВРЕМЕ НА ОДЛУЧУВАЧКИ СЕТ (ТАЈ БРЕЈК)**

**Екипи**

- ❖ Екипите по четвртот сет, се упатуваат на крајната линија од полето за игра и по свирка на 1судија, се упатуваат директно кон нивните клупи без да ја сменат страната.
- ❖ Капитените на двете екипи се упатуваат кон записничка маса, за да се изврши ждребување.

**Судии**

- ❖ Судиите заедно со капитените се упатуваат пред записничка маса каде што се врши ждрепка.

## ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА НАТПРЕВАРОТ

По завршувањето на натпреварот – играчите од двете екипи се редат на линијата за 9метри.
Судиите по завршетокот на натпреварот застануваат на страничната линија од страната на 1 судија, помеѓу судиското столче.
По знак на 1судија, екипите се упатуваат кон мрежата и се ракуваат со противничките играчи.
Екипите го напуштаат полето за игра и се упатуваат кон својата клупа.
Капитените на двете екипи задолжително одат до записничка маса да го потпишат официјалниот Записник од натпреварот.
**Овде работата на судискиот колегиум не е завршена!** Тие мора да го следат однесувањето на екипите и сите учесници на натпреварот, коешто треба да е во рамки на спортско однесување, се додека сите учесници не го напуштат теренот за игра и слободниот простор во салата.
Ако има случај на неспортско однесување се пријавува на делегатот на натпреварот и се запишува во делот на забелешки во записникот.

**Комесар за натпреварување на ОФМ**

*Никчевиќ Сања с.р*

**Претседател на СО на ОФМ**

*Ристовски Влатко с.р*